# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Вторник 30 Април 2019 година Број 7/2019 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Програмата за одржување и користење на паркови и зеленило и други јавни површини во општина Радовиш за 2019 година број 08-1966/3 од 26.12.2018 година

Ја прогласувам и објавувам Програмата за одржување и користење на паркови и зеленило и други јавни површини во општина Радовиш за 2019 год., бр. 08-711/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 25.04.2019 година

Бр. 09-711/2
30 Април 2019 г.
Радовиш

Градоначалник на
Општина Радовиш
Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл.21 ст.1 т.16 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 25.04.2019 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
за одржување и користење на паркови и зеленило и други јавни површини во општина Радовиш за 2019 година

Врз основа на известувањето од страна на ЕЛС Радовиш под бр. 25-607/1 од 02.04.2019 год., планираните дејствија во врска со одржување и подигање на зелени површини на територијата на општина Радовиш, ЈП Плаваја преку одделението за заленило изготви програма за одржување и подигање на зелени површини дадени во табела 1:

| Ред.бр. | опис | површина во $m^2$ |
|---|---|---|
| 1. | Градски парк (Ловен дом) | 18.900 |
| 2. | Градска река (корито) | 16.200 |
| 3. | Парк триаголник на ул. “Илија Алексов ” | 54 |
| 4. | Парк Марди спроти судот | 450 |
| 5. | Парк на младите | 720 |
| 6. | Кружен тек на ул. “22 Октомври “ | 45 |
| 7. | Спомен паркот – спроти Центар за култура | 90 |
| 8. | Тревнат појас пред стоковна куќа | 135 |
| 9. | Парк пред зградата на судот | 540 |
| 10. | Одржување на дрвоередите – кеј и булевар | 5.400 |
| 11. | Игралиште позади судот | 270 |
| 12. | Паркот Липа на ул. “ Бел Камен “ | 135 |
| 13. | Зелени површ.на шеталиште “ св.Спасо Радовишки“ | 90 |
| 14. | Зелени површини околу станбените згради | 8.100 |
| 15. | Мало булеварче на ул.”Плачковица “ | 90 |
| 16. | Парк пред зградата на о. Радовиш | 135 |
| 17. | Парк кај споменикот на загинатите и прогонуваните борци | 45 |
| 18. | Парк под јаворот | 90 |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Жардинериите низ центарот на градот | 36 |
| 20. | Зелен појас пред етно-музејот | 10 |
| 21. | U NICEF | 45 |
| 22. | Тротоари на ул.” Плачковица“ | 900 |
| 23. | Триаголник пред болницата на Белушкови | 35 |
| 24. | Рибичката | 30 |
| 25. | Стар влез на градот од Плаваја – Монопол | 540 |
| 26. | Патот од стара бензинска – бензинска Мак петрол | 500 |
| 27. | Спортска сала во Радовиш | 1.350 |
| 28. | Зелена површина околу Оравичкото манастирче | 4.300 |
| 29. | Зелена површина на стрелиштето | 3.000 |
| 30. | Бул. “А. Македонски ” | 3.000 |
| 31. | Кружен тек на бул. А. Македонски со ул. “Илија Алексов “ | 160 |
| 32. | Кружен тек на бул.”А. Македонски “ кај КАМ маркет | 300 |
| 33. | Градски стадион | 600 |
| 34. | Ул. Чеде филиповски Даме | 400 |
| 35. | Детско игралиште во с. Воиславци | 100 |
| 36. | Детско игралиште во с.Сулдурци | 100 |
| 37. | Детско игралиште во с. Калуѓерица | 100 |
| 38. | Детско игралиште во с. Ораовица | 100 |
| 39. | Детско игралиште во с. Подареш | 100 |
| 40. | Детско игралиште во с. Јаргулица | 100 |
| 41. | Детско игралиште во с. Злеово | 100 |
| 42. | Парк и детско игралиште во н. Раклиш | 200 |
| 43. | Парк во с. Ораовица | 150 |
| 44. | Тениско игралиште во градинката | 550 |
| 45. | “ Порака “ | 600 |
| 46. | Ул Илија Алексов од булевар – центарот на н.Раклиш | 850 |
| 47. | Дворно место на ОУ Никола Карев Радовиш | 1.700 |
| 48. | Дворно место на гимназија во Радовиш | 2.000 |
| 49. | Детско игралиште во н. Куклевица | 100 |
| 50. | Детско игралиште во н. Куклевица | 200 |
| 51. | Фудбалско игралиште во с. Калуѓерица | 5.000 |
| 52. | Сечење и кроење на дрва низ градот и селата | |

Табела 1.

1. Градски парк (Ловен дом )

Кој е со најголема површина од 18.900 м$^2$ во нашиот град и бара постојани активности како на одржување на постоечката структура, тревни површини, дрва и др.

Во него се одвиваат следниве активности : чистење од фрлен отпад, косење со грбна моторна косачка, поткастрување на долните гранки на дрвјата нивно товарање во приколка од трактор и транспортирање до градската депонија , сечење на исушените дрва нивно товарање во приколка од трактор и транспортирање до градската депонија ,чистење на израстени џбунови, садење на нови дрвца, прскање со препарат против плевел, чистење на патеките од трева и плевел, чистење на паднати исушени лисја во есента товарање и транспортирање до градска депонија со трактор,одржување на хигиената на корпите за отпадоци и др.

2. Градска река

Коритото на градска река од 16.200 м$^2$ се протега по должина по целиот град , со тоа значи дека за одржување имаме од мостот Бриони – место до каде има изградено камено корито до последните куќи кај Голд Мак.

Во него се одвиваат следниве активности : прскање со препарат против плевел на тревата и троскот по каменестите странични ѕидови на коритото,чистење на истите и нивно отстранување , чистење на фрлен отпад ,косење со моторна косачка, чистење на израснати џбунови со триор и секира, нивно товарање и отстранување со трактор и транспортирање до

градската депонија, чистење на столбовите на мостовите и целосно коритото од наноси од поројните дождови , нивно товарање во приколка од трактор и транспортирање до градската депонија ,чистење на паднати исушени лисја во есента од дрворедите по кејот , и др.

3. Парк триаголник на ул.”Илија Алексов “
Со површина од 54 $м^2$ е мало место ,но бидејќи е над асфалтирана површина имаме мака кога станува збор за наводнување затоа што бргу испарува водата .
Во него се одвиваат следниве активности: наводнување со цистерна или црево, плевење , кубење на старото цвеќе, садење на ново сезонско цвеќе, прашење на цвеќињата , прихранување , чистење од фрлен отпад и др.

*** Предлагам овој парк да се дислоцира од таму бидејќи претставува сврталиште на кучиња скитници, кој не дозволуваат ништо да успее. Во претходната 2018 год. во 5 наврати посадивме 2.500 цвеќиња, од кој многу малку останаа неуништени.

4. Парк Марди спроти судот
Паркот е со површина од 450$м^2$ .Во него има поставено детски играчки, потоа има поставено клупи за седење и корпи за отпадоци чија хигиена треба да се одржува . Тревнатата површина се коси со моторна косачка, се прихранува, се чисти од фрлен отпад , се сечат ниски гранки,собирање на суви паднати листови во есен, се наводнува со црево.Планираме сеење на нова трева.

5. Паркот на младите
Паркот е со вкупна површина од 720 $м^2$ и во него има добар амбиент за одмор на клупите и релаксација под сенките од дрвјата затоа што во него се одржуваат голем број на настани.Тревата се коси со моторна грбна косачка, се потхранува периодично,се врши чистење на патеките од плевел, прскање против плевел,сечење на стари исушени дрва и транспортирање до градската депонија ,кастрење на ниски гранки и нивно отстранување, чистење на суви лисја во есен, прашење и прихранување ,чистење на фрлен отпад, наводнување со црево,отстранување на ѓубрето од кантите за отпадок.

6. Кружен тек на ул. “ 22 Октомври “
Вкупната површина е 45 м $^2$ и е мешан простор со сезонско цвеќе и трева.
Во него се одвиваат следниве активности : наводнување со црево, косење на трева со грбна моторна косачка ,прихранување на тревата и на цвеќињата, прашење на цвеќињата, кубење на старото цвеќе , садење на ново сезонско цвеќе за 8ми март и во мај –јуни летни цвеќиња, кубење на трева и плевел околу ивичњаците, чистење од фрлен отпад.

7. Спомен парк-спроти центарот за култура
Со вкупна површина од 90 м $^2$ и во него се одвиваат следниве активности: чистење на фрлен отпад, косење со грбна моторна косачка, сечење на стари исушени дрва и нивно собирање и транспортирање до градската депонија, кастрење на ниски гранки кој сметаат на минувачите и сообраќајните знаци собирање и транспортирање до градска депонија со тракторска приколка, чистење на паднати суви лисја во есента.

8. Тревнат појас пред зградата на стоковната куќа
Местото е со вкупна површина од 135 $м^2$ и на неа се врши косење со грбна моторна косачка, наводнување во летниот период со цистерна или црево, чистење од фрлен отпад.

9. Парк пред зградата на судот
На површина од 540 м $^2$ се врши косење на тревата со грбна моторна косачка, сечење на ниски гранки и на суви дрвја и отстранување на собераните гранки и дрвја со приколка од трактор и транспортирање на градската депонија, чистење на фрлен отпад, собирање на паднати лисја во есента.

10. Дрвореди по кејот и по булеварот
Сета површина е околу 5.400 $м^2$ и се распоредени по должината на кејот на радовишка река од двете страни и по целата должина на булеварот пак од двете страни . Тоа бара постојано одржување и тоа : Во зимскиот период -кастрење на ниските гранки кој сметаат на постојаните минувачи и поставените сообраќајни знаци нивно собирање и транспортирање до градската депонија со тракторска приколка, сечење на стари и исушени дрвја нивно отстранување и транспортирање и заменување со нови садници,собирање и отстранување на паднати исушени лисја во есен, чистење на треви, расчистување на израстоци по стеблото на дрвата и др.

11. Игралиште позади судот

Овој простор од 270 м $^2$ се коси со моторна грбна косачка ,околу оградата и празниот простор, се чисти од фрлен отпад .

12. Паркот Липа на ул. “Бел камен “

Паркот е со површина од 135 м$^2$ и заради нерамниот терен косењето се врши со моторна грбна косачка, одржување на патеките нивно чистење од плевел,наводнување со црево, прихранување по потреба, чистење на отпад, кастрење на ниските гранки нивно собирање и фрлање , собирање на суви паднати лисја од дрвјата , планираме обновување на тревата.

13. Зелени површини на шеталиште “ св.Спасо Радовишки ”

Зелените површини се распоредени на неколку места и се со вкупна површина од 90 м$^2$,едните се само тревнати, а на едното место има засадено и сезонско цвеќе (тоа е местото кај семкарницата. ). Површините се окопуваат ,прихрануваат, косат со моторна грбна косачка, се чистат од фрлен отпад, се врши собирање на суви лисја од дрворедите по улицата,се отстрануваат старите и се садат нови сезонски цвеќиња,се прихрануваат,прашат и чистат од отпад.Сета површина се наводнува со црево.

14. Зелени површини околу станбените згради

Во оваа површина се вбројуваат површините околу сите згради и пред нив и позади нив и тоа 8.100 м$^2$ . На нив се врши косење со грбна моторна косачка , се чистат од фрлен отпад , се собираат паднати лисја во есента од дрвјата се товараат и транспортираат со тракторска приколка.

15. Мало булеварче на ул.”Плачковица “

Тоа е со површина од 90 м $^2$ и во него се одвиваат следниве активности: косење со грбна моторна косачка, чистење на ивичњаците од плевел , наводнување со цистерна во топлите денови , отстранување на откосената трева , чистење од фрлен отпад .

16. Парк пред зградата на о. Радовиш

На оваа површина од 135 м$^2$ има засадено дел со сезонско цвеќе и дел со трева. Таму се врши : косење на тревата со моторна косачка на туркање ,отстранување на старо цвеќе и засадување на ново сезонско цвеќе ,прашење и плевење околу цвеќињата , прихранување и на тревата и на цвеќињата, чистење на фрлен отпад, чистење на плевел по патеките , наводнување со црево, кастрење на ниски гранки, собирање на суви лисја во есента и др.

17. Парк кај споменикот на загинатите и прогонуваните борци

Паркот е со површина од 45 м$^2$ и во неа се извршуваат следниве активности: косење на трева со грбна моторна косачка , чистење на патеките од плевел, по потреба периодично прихранување на тревата, чистење на фрлен отпад , наводнување со цистерна , собирање на суви лисја од дрвјата и нивно отстранување .

18. Парк под јаворот

Паркот е со површина од 90 м$^2$ и во него се врши : косење на трева со грбна моторна косачка , чистење на фрлен отпад, собирање на суви лисја во есента, чистење на патеки од плевел .

19. Жардинериите низ градот

Со површина од 36 м $^2$ во нив се врши садење на сезонско цвеќе, прихранување, кубење на трева, отстранување на старо цвеќе,чистење на отпад, наводнување со цистерна,прашење на засадените цвеќиња.

20. Зелена површина на скалите кај етно-музејот

Со површина од 10 м$^2$ се окосуваат со грбна моторна косачка,се чисти од отпад.

21. UNICEF

Површина околу 45 м $^2$ . На површината пред просториите на седиштето на UNICEF се коси тревата со грбна моторна косачка .

22. Тротоари на ул.”Плачковица “

Тоа е површина 900 м2 од малото булеварче до триаголникот кај Белушкови .Освен косење со грбна моторна косачка овде се врши и прскање со препарат и чистење на плевелот по ивичњаците .

23. Триаголникот пред болницата на Белушкови

На овој простор од 35м$^2$ се одвиваат косење со моторна грбна косачка,чистење на ивичњаците од плевел, чистење на отпад и наводнување со цистерна во најтоплите летни денови.

24. Рибичката

Е место со 30 м$^2$ и се посадуват цвеќиња, се врши замена на старите со нови цвеќиња, окопување ,прихранување,наводнување со цистерна, се чисти фрлен отпад, кубење на тревата израстено меѓу цвеќињата.

25. Стар влез на градот од Плаваја – Монополот

На површината од 540 м2 се вршат овие активности:косење на тревата со грбна моторна косачка , чистење на израснати џбунови и

капини и се одржува хигиената.Воедно се коси тревата и на триаголникот во непосредна близина на старата бензинска.

26. Патот од стара бензинска – бензинска Мак петрол

На површина од 500м2 се одвиваат следниве активности :косење на трева со грбна моторна косачка, расчистување на израснати џбунови и капини до канафките по магистралниот пат и се врши чистење на фрлен отпад.

27. Спортска сала во Радовиш

Во ова одржување спаѓа: косење на тревата со грбна моторна косачка целосно околу спортската сала и тоа :помеѓу Шампион, кај кејот и во целиот паркинг, собирање на окосената трева и нејзино отстранување, собирање паднати лисја во есен и нивно отстранување.

28. Зелена површина околу Оравичкото манастирче

Целата површина што е околу 4.300 $м^2$ , патот од излезот од селото до манастирот и плус тревата околу скалите се коси со грбна моторна косачка по повод празникот на манастирот св. Горгија, за посебни манифестации и собирање на пензионерите од цела Македонија.

29. Зелена површина на стрелиштето

Целата површина околу 3.000$м^2$ по налог на Собранието се коси со грбна моторна косачка неколку пати во годината.

30. Булевар “ Александар Македонски“

На површина од 3.000$м^2$ на средишниот дел од булеварот се вршат овие активности: прскање со хемиски препарат против плевел на местата каде има израстено нивно чистење и отстранување, наводнување на украсни растенија и тревата со цистерна и со систем капка по капка таму каде има поставено, косење на трева со моторна косачка на туркање, сечење на исушените дрвца нивно отстранување и заменување со нови,чистење на фрлен отпад , прихранување на растенијата, тревата и дрвцата, кроење на зеленилото: prunus otto luycen,мини ружи, juniperus procumbens nana, и др., кубење на трева на делот од кружниот тек на ул. Илија Алексов – кружниот тек кај КАМ маркет и др.

31. Кружен тек на бул. “ А. Македонски “ со ул.”Илија Алексов “

Површината му е 160 $м^2$ со приклучок за вода и се наводнува со црево и со распрскувачи , се врши прихранување,се чисти од отпад, а додека тревата се коси со моторна косачка на туркање , се прихранува, наводнува , се прскаат ивичнаците со препарат против плевел,прашење на зеленилото.

32. Кружен тек на бул. “ А. Македонски“ кај КАМ маркет

Вкупната површина на кружниот тек од 300 $м^2$ заедно со четирите странични издигнати делови посеани и посадени со трева .Овде се врши наводнување со систем капка по капка, косење со моторна косачка на туркање , прихранување ,чистење на фрлен отпад, прскање на ивичњаците со препарат против плевел и негово отстранување,кроење на зеленилото.

Од табела 1. Од позиција 33 (градски стадион) до позиција 52 (сечење и кроење на дрва низ градот и селата) се превземаат активности : косење на трева, чистење на фрлен отпад,сечење и кроење на дрва и др.

***Во прилог 1 се прикажани сите видови на работа по сите позиции и единечна цена утврдена од ценовникот на ЈП Плаваја Радовиш донесен од страна на совет на општина Радовиш во 2014 година .

Вкупен износ за реализација на програмата по табела 1 изнесува 5.129.407 денари.

53.Потребен број на користење на цистерна за вода за наводнување на сезонско цвеке и зелени површини како и користење на трактор со приколица за собирање и транспортирње на отпад до депонија од зададените површини во табела 1 се:

| Опрема | Вкупен број на тури | Единечна цена по тура | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Цистерна за вода | 30 | 2,000 денари | 60.000 ден. |
| Трактор со приколица | 50 | 700 денари | 35.000 ден. |

Вкупно = 95.000 ден.

Во табела 2 се прикажани поединечно потребните алати и опрема за реализација на програмата:

| | | |
|---|---|---|
| метли | 100 ден. x 10 броја | 1.000 ден. |
| мотики | 650 ден. x 5 броја | 3.250 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| гребули за лисја | 800 ден. х 5 броја | 4.000 ден. |
| косачка на туркање | 20.000 ден. х 1 број | 20.000 ден. |
| моторна пила | 28 .543 ден. х 1 број | 28.543 ден. |
| мали ножици | 250 ден. х 5 броја | 1.250 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| ножици за жива ограда | 650 ден. х 5 броја | 3.250 ден. |
| ножици за кроење со долги рачки | 1.500 ден х 3 броја | 4.500 ден. |
| семе за цвеќе | 250 ќесиња х 25 ден. | 6.250 ден. |
| конец | 4.000 м. х 5 ден. | 20.000 ден. |
| најлон за расад | 120 ден./кг. х 30 кг. | 3.600 ден. |
| нож за жива ограда со мотор на бензин | 18.000 ден х 1 број | 18.000 ден. |
| семе за трева | 400 ден./кг х 338 кг | 135.200 ден. |

ХТЗ опрема за работниците на одд. "Зеленило "

| | | |
|---|---|---|
| работно одело | 950 ден. х 5 броја | 4.750 ден. |
| ракавици | 100 ден х 24 х 5броја | 12.000 ден. |
| чевли | 1.050 ден. х 5 броја | 5.250 ден. |
| чизми гумени | 400 ден. х 5 броја | 2.000 ден. |
| флуоросцентен елек | 100 ден. х 5 броја | 500 ден. |
| кабаници | 300 ден. х 5 броја | 1.500 ден. |
| маици | 150 ден. х 5 броја | 750 ден. |

Вкупно = 275.593 ден.

Вкупната сума потребна за реализација на програмата за одржување и користење на паркови и други јавни површини во општина Радовиш за 2019 година изнесува = 5.500.000 денари.

Со влегувањето во сила на оваа Програма престанува да важи Програмата број 08-1966/3 од 26.12.2018 година. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-711/1 Совет на општина Радовиш
25 Април 2019 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Програмата за јавна чистота во општина
Радовиш за 2019 година

Ја прогласувам и објавувам Програмата за јавна чистота во општина Радовиш за 2019 година, бр.08-712/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 25.04.2019 година

Бр. 09-712/2 Градоначалник на
30 Април 2019 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), член 12 од Законот за јавна чистота, а согласно чл.21 ст.1 т.19 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 25.04.2019 година, донес

П Р О Г Р А М А
за јавна чистота во општина Радовиш за
2019 година

В О В Е Д

Програмата за одржување на јавна чистота на подрачјето на општина Радовиш за 2019 год. ги дефинира обемот, динамиката, начинот на вршење на потребните активности, потребниот број вработени и начинот на нивно

финансирање. Одржување на јавна чистота подразбира чистење (метење и миење) на јавните сообраќајни површини и е во зависност од :

- Густината на населението
- Фрекфенција на луѓе и мотори
- Степен на нечистотија
- Степен на пречки ( паркирани возила, објекти и друго )
- Инфрастуктурните сообраќајни услови
- Делување на градежната оператива, која со своите возила се јавува како еден од најголемите загадувачи на јавните сообраќајни површини.

1. Одржување на јавна чистота

Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од

- Рачно метење и машинско метење и миење на улиците, булеварите, како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени со законот за јавна чистота
- Празнење на уличните корпи за отпад кои се поставени во поширокото централно градско подрачје
- Одржување на јавни површини во зимски услови
- Расчистување на диви депонии
- Отстранување на атмосферски наноси

Периодот на одржување е поделен на летен период од 01.04 до 31.10 со времетраење од 7 месеци со 178 работни дена во кои не се земени неделите и некој државен празник, и зимски период од 01.11 до 31.03 со време од 5 месеци или 126 работни дена во кои исто така не се земени во предвид неделите и некој државен празник.

Динамиката на чистењето ќе биде организирана според две категории на чистење на јавни прометни површини и тоа :

Прва зона (централно градско подрррачје)

Ќе се чисти со:

- Секојдневно метење во работните денови
- Секојдневно собирање и транспорт на сметот и наслагите до депонијата
- Перење во летна сезона ( четири месеци ) со автоцистерна со предни млазнаци

Во прва зона спаѓаат следните улици и површини

1. Булевар Александар Македонски 20 000 м²
2. Кеј 8ми септември ........................ 26 000 м²
3. Св. Спасо Радовишки до ЗИК ......... 9.000 м²
4. 22ри Октомври................................ 5.000 м²
5. Партизанска (дел)............................ 3.500 м²
6. Самуилова........................................ 5.000 м²
7. Илинденска....................................... 1.500 м²
8. Блаже Коневски............................... 1.400 м²
9. Коста Сусинов.................................. 1.000 м²
10. 15ти Корпус........................................ 700 м²
11. 1ви Мај ............................................ 1.000 м²

Вкупно ................................................ 74.100 м²

Втора Зона

(Улици кои се одржуваат еднаш неделно)

Ќе се чисти со:

- Метење рачно и машински еднаш неделно
- Изнесување на смет и наслаги еднаш неделно
- Перењето на овие улици е по потреба, а најмалку двапати неделно.

Во втората зона спагаат следните улици и површини:

1. Илија Алексов …….......................... 5.000 м²
2. Плачковица .................................... 10.000 м²
3. Гоце Делчев ...................................... 2.500 м²
4. Шаин Маале ...................................... 1.500 м²
5. Ана Поцкова...................................... 1.500 м²
6. Мирче Ацев ....................................... 1.000 м²

Вкупно................................................. 21.500 м²

Трета зона

(Улици кои се одржуваат еднаш месечно)

1. Ѓорче Петров..................................... 8.000 м²
2. Вардарска .......................................... 3.000 м²
3. Егејска............................................... 2.200 м²
4. Исарот ............................................... 2.200 м²
5. 11ти Октомври ................................. 1.800 м²

Вкупно ................................................ 17.200 м²

Одржувањето на гореспоменатите улици во трите зони се врши на класичен начин, со рачна количка и метла и со помош на специјално возило за метење на улици.

Имајќи ја предвид структурата на населението, кое во најголем дел се занимава со земјоделие, одредени периоди од годината (особено пролетниот и есенскиот, кога земјоделците се најактивни) некои улици изгледаат како да не се одржуваат.

Голем проблем претставуваат и пристапните патишта од полето кон градот, при што на коловозите се остава големи количини на земја, измет и друго.

По секое невреме улиците во градот се со големи наноси од песок, тиња и земја, што претставува голем проблем за брзо нивно отстранување.

На градот му е потребна авто цистерна за перење и дезинфекција на коловозите со што многу ќе се подобри чистотата на улиците особено во летниот период.

Цената на ова возило е голема и се движи околу 6.000.000 ден. Јавното претпријатие не е во можност да ја набави од сопствени средста, но се очекуваат подобри денови за нивна реализација со помош од општина Радовиш или на друг начин преку донација.

Повремени работи

Повремените работни активности се извршуваат по налог на ЕЛС за вонредно чистење на одредени улици поради верски празници, јавни манифестации и други настани кои не се составен дел од програмата.

За преземање на активностите за метење на улиците во прва, втора и трета зона ќе бидат ангажирани:

- 16 работници за метење во прва зона
- 6 работници за метење во втора зона
- 4 работници за метење во трета зона

За да се изврши оваа работа потребно е да се ангажираат 24 работници, а за нив се потребни средства во износ од 6,111.360 денари 24 работника х 21220 (плата) х 12 месеци = 6 111.360 ден.

2. Потребен алат за одржување на јавна чистота

| Р.бр | Материјали | Количина | Цена (ден.) | Вкупно (ден) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Метли | 2300 | 25 | 57 500 |
| 2 | Лопати | 26 | 400 | 10 400 |
| 3 | Мотики | 26 | 650 | 16 900 |
| 4 | Колички | 10 | 1500 | 15 000 |
| Вкупно ( во денари) | | | | 99 00 |

3. Одвоз на сметот при метењето

За одвозот на сметот од улиците по оваа основа што се опфатени со програмата за одржување на прва, втора и трета зона ќе се користат специјалните комунални возила (ѓубрарки и трактори) кои исто така се користат редовно за истовар на смет од домаќинствата. Повремено (еднаш неделно) се интервенира со трактор надвор од планот за утовар.

156 тури х 700 ден = 109.200 ден.

4. Миење на улиците

Миењето во летната сезона е четири месеци во прва зона и тоа со автоцистерна со предни млазнаци, а додека миењето на улиците во втора зона се врши повремено до 15 дена во текот на годината. Во првата и втората зона се трошат 196 цистерни со вода,( во еден ден се трошат 3-4 цистерни ) или:

196 цистерни х 2 000 ден./тура =392. 000 ден

***Овде треба да напоменеме дека е потребна и инвестиција од нова автоцистерна која покрај миење ке врши и дезинфекција на улиците и истата би чинела околу 6,000,000 денари.

5. ХТЗ Опрема

| Р.бр | ХТЗ Опрема | Количина | Ед. цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Работно одело | 52 | 950 | 49 400 |
| 2. | Кожуви | 26 | 800 | 20 800 |
| 3. | Ракавици | 26 | 100 | 2 600 |
| 4. | Кондури | 26 | 1050 | 27 300 |
| 5. | Чизми | 26 | 400 | 10 400 |
| 6. | Флуоросцент.елек | 26 | 100 | 2 600 |
| 7. | Кабаници | 26 | 300 | 10 800 |
| 8. | Маици | 52 | 150 | 7 800 |
| Вкупно | | | | 131 700 |

6. Чистење на диви депонии

Физичкиот обем на работите и локалитетите на дивите депонии се определуваат според согледувањето на терен од страна на секторот за урбанизам и комунални работи при ЕЛС.

При расчистување на дивите депонии ќе се користат товарни возила и градежни машини (камион липкер, трактор и утоварувач ).

Од искуството од минатите години за расчистување и траснспортирање на отпадот до гратската депонија предвидуваме 80 работни часа.

80 часа x2.200 денари (багер утоварач)=176.000 ден.
80 часа x 900 денари (камион кипер) = 72. 000 ден.
Вкупно 248. 000 ден.

7. Зимско одржување на улиците и тротоарите

Зимско одржување на улиците и тротоарите во градот за 2018/2019 год

Подрачјето на нашата општина е под влијание на изменета континентална клима со влијание на медитеранска клима, што овозможува релативни благи зими и со мали врнежи од снег, а сето тоа трае два месеци во годината.

Согласно одлуката за Јавна чистота во општина Радовиш донесена од страна на Советот на општина Радовиш, правните и физичките лица се должни да го исчистат снегот и мразот од тротоарите, или до половина на улиците.

Контролата на реализацијата на овие должности ќе го врши комуналната инспекција при локалната самоуправа.

Во случај на поголеми врнежи од снег одржувањето на улиците и тротоарите ЈП и локалната самоуправа го регулираат со посебен договор.

Превентивни мерки на заштита

Со цел да се намалат опасностите од евентуални незгоди во зимскиот период ЈП Плаваја ги превзема сладните превентивни мерки и заштита:

- Потребна работна сила и механизација за расчистување на тротоарите и улиците
- Ја утврдува потребната количина на сол и песок за посипување
- Го утврдува начинот на ангажирањето на работната сила и активирањето на механизацијата
- Го утврдува приоритетот на чистење на улиците во заедничка соработка со МВР и ЕЛС.

I . Времетраење и степен на приправност

Времетраењето на приправноста е од 15.11.2018 до 31.12.2018 год. и од 01.01.2019 до 01.03.2019 год.

Во овој период ќе бидат дежурни еден возач на трактор и два работника (на повик).

Продолжувањето на времетраењето на приправноста ќе се врши по потреба во зависност од временските услови, а сето тоа усогласено со надлежните служби при ЕЛС и МВР.

II. Преглед на улици и места за интервенција по приоритет

1. Ул.Булевар Александар Македонски се до преминот со улица Ѓорче Петров.
2. Ул. Двата ќеја – 8 ми Септември
3. Ул. 22 Октомври
4. Ул. Св Спасо Радовишки
5. Ул. Коста Сусинов
6. Ул. 15ти Корпус
7. Ул. Чедо Филиповски Даме
8. Ул. Самуилова
9. Влезовите пред следните институции:
   - Детски градинки
   - Здравен дом
   - Основен суд
   - Управа на ЕЛС
   - Стопанска Банка
   - Пристап до МВР
10. Сите угорници што ги има град Радовиш

III. Планирано ангажирање на работна рака и механизација

Планирана механизација:

- Рово копач 1 број
- Мерцедес кипер 1 број
- Трактор за машинско растурање на сол 1 број
- Трактор за рачно растурање на сол 1 број

Планирана работна рака

Бројот на возачи и работници ќе биде во склад со степенот на приправноста.

Чистењето на тротоарите од снег ќе го вршат работниците кои работат на програмата за одржување на јавната чистота и одржувањето на зеленилото.

Списоците на возачи и работници ќе бидат изготвени од страна на Стручните служби во ЈП Плаваја и ќе се доставаат до ЕЛС по укажана потреба.

IV. Планирани количини на сол и ризла

Според претходните досегашни искуства потребна количина на сол за расфрлање во една

сезона е околу 20 тона, а сепариран песок ризла (гранулит 2) е околу 30 м³.

Финансиска конструкција на оперативниот план

Финансирањето на извршувањето на работите од овој оперативен план ќе се регулира со посебен договор помеѓу ЈП Плаваја и градоначалникот на Општина Радовиш.

Следењето и контролата на извршувањето на работите ќе го вршат службите при ЕЛС Радовиш, а фактурирањето ќе биде по ценовник кој ќе биде предмет на договор.

Реалната вредност на програмата ќе се дефинира по завршувањето на зимската сезона согласно потрошените материјали и обемот на ангажираната работна сила и механизација.

Финансиска конструкција на програмата без зимско одржување на улиците

За остварување на финансиската конструкција на програмата за 2019 година без зимско одржување на улиците ќе бидат потребни финансиски средства во вкупен износ од 7 092 160 ден. и тоа за следните позиции:

- Ангажирање на работна сила бр.24 6 .111.360 ден.
- Потребен алат ................................ 99.900 ден.
- Одвоз на смет при метењето ...... 109.200 ден.
- Миење на улици .......................... 392.000 ден.
- ХТЗ Опрема ................................ 131.700 ден.
- Чистење на диви депонии ......... 248.000 ден.

Вкупно .......................................... 7.092.160 ден.

Финансирање на програмата

Финансирањето на програмата за јавна чистота се врши по два основи и тоа:

1. Од такса за јавна чистота паушал 30 денари за физички и правни субјекти
2. Од комуналната такса која се наплаќа само од физичките лица и тоа по м ² за дворно место и стамбен простор во % од цената по м ²

Тоа изнесува 0, 16 % од цената за дворна површина по м², а за стамбена површина 0, 24 % од цената по м².Вкупно собрани сретства годишно се:

Такса за јавна чистота 30 дена : 196.662,00 ден/месец. x 12 месеци = 2.359.944,оо ден.

Комунална такса 111.022,00 денари/месец x 12 месеци = 1.332.264,00 ден.

Вкупно по двата основи се собрани 3.692.208,00 денари.

На крајот може да се заклучи дека за одржувањето на јавната чистота се потребни 7.092,160,00 денари, а ЈП Плаваја годишно фактурира износ од 3.692.208,оо денари.Пратејки го процентот на наплата кој на годишно ниво се движи до 85% годишно се собираат 3.138.377,00 денари.

Вкупно за остварување на програмата се потребни средства од 7.092.160 денари

Фактурирани средства од страна на ЈП Плаваја Радовиш за 2018 година се 3.692.208,00 денари, а разликата од 3.400.000 ден. И истата сума да се доплати и пага на терет на буџетот на Општина Радовиш.

Со влегувањето во сила на оваа Програма престанува да важи Програмата број 08-1967/3 од 26.12.2018 година.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-712/1 Совет на општина Радовиш
25 Април 2019 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ

За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ ЦК „Ацо Караманов„ Радовиш за 2018 год.

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ ЦК „Ацо Караманов„ Радовиш за 2018 год., бр. 08-713/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 25.04.2019 год.

Бр. 09-713/2 Градоначалник на
30 Април 2019 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ

бр.5/2002), а согласно чл.21 ст.1 т.43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 25.04.2019 год., донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ ЦК „Ацо Караманов„ Радовиш за 2018 год.

Член 1
Се усвојува Годишниот извештај за работа на ОУ ЦК „Ацо Караманов„ Радовиш за 2018 година бр.14-318/3 од 10.04.2019 година.

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-713/1 Совет на општина Радовиш
25 Април 2019 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештајот за работа на ЈУ МЦСР Радовиш за 2018 година

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Извештајот за работа од ЈУ Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа Радовиш за 2018 г. , број 08-714/1 што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 25.04.2019 год.

Бр. 09-714/2 Градоначалник на
30 Април 2019 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врзоснова на член 22 став 1 точка 7 од Законот за окална самоуправа, член 15 т. 7, од а согласно член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 25.04.2019 год., донесе

З А К Л У Ч О К
За прифаќање на Извештајот за работата на ЈУ Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа Радовиш за 2018 година

I. Се прифаќа Извештајот за работа ЈУ Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа Радовиш за 2018 година, бр. 19-545/1 од 22.03.2019 г.

II. Советот на општината информативно го разгледува Извештајот за 2018 година поради тоа што за спроведување на активностите ЈУ Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа Радовиш е одговорен пред Министертсвото за труд и социјална политика на Република Македонија.

III. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-714/1 Совет на општина Радовиш
25 Април 2019 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Програмата за работа на ЈУ МЦСР Радовиш за 2019 година

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Годишната Програма за работа од ЈУ Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа Радовиш за 2019 г. , број 08-714/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 25.04.2019 год.

Бр. 09-715/2 Градоначалник на
30 Април 2019 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врзоснова на член 22 став 1 точка 7 од Законот за окална самоуправа, член 15 т. 7, од а согласно член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 25.04.2019 год., донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Програмата за работа на ЈУ МЦСР Радовиш за 2019 година

I. Се прифаќа Програмата за работа ЈУ Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа Радовиш за 2019 година, бр. 19-545/1 од 22.03.2019 г..

II. Советот на општината информативно ја разгледа Програмата за работа за 2019 година поради тоа што за спроведување на активностите ЈУ Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа Радовиш е одговорен пред Министертсвото за труд и социјална политика на Република Македонија.

III. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-715/1 Совет на општина Радовиш
25 Април 2019 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Програмата за Првомајски натпревари 2019 година

Ја прогласувам и објавувам Програмата за Првомајски натпревари 2019 год. во општина Радовиш, број 08-716/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 25.04.2019 год.

Бр. 09-716/2 Градоначалник на
30 Април 2019 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за окална самоуправа, член 15 т. 7, од а согласно член 15 став 1 точка 6 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 25.04.2019 год., донесе

П Р О Г Р А М А
за „ПРВОМАЈСКИ НАТПРЕВАРИ 2019"

Почитувани, согласно донесената програма за јавните потреби на спортот за 2019 год. од Советот на општина Радовиш, и програмата за јубилејот 1000 години Радовиш, во прилог ви ја доставуваме Предлог-Програмата за Првомајските натпревари кои оваа година се проширени со повеќе интересни дисциплини.
Традиционално по повод меѓународниот ден на трудот 1-ви Мај и оваа година во општина Радовиш ќе се одржат Првомајските натпревари проширени во повеќе дисциплини, кои ќе бидат пред се интересни за граѓаните на нашата општина но и за самите учесници.

Оваа година како датум и време на одржување на истите го предлагаме 02.05.2019 год. (Четврток) со локации на одржување: Градскиот стадион во Радовиш и Сп.сала 25 Мај.

ПРВОМАЈСКИ НАТПРЕВАРИ 2019 – ПРОГРАМА

02.05.2019 год. – Четврток

17:00 час. Спортска сала 25 Мај
Турнир во тенис
Турнир во Пинг Понг
Турнир во Шах

17:00 час. Градски Стадион Радовиш, трки
Трка на 400 метри - Ученици од IV и V одд. (машки и женски)
Трка на 600 метри - Ученици од VI и VII одд. (машки и женски)
Трка на 800 метри - Ученици од VIII и IX одд. (машки и женски)

Трка во платнена вреќа – сите категории (машки)
Трка со јајце во лажица – сите категории (машки)
Фрлање на камен од рамо – I и II год. гимназија (машки)
Трка со носење во раце (столче-мрсолче) – 2 момчиња и 1 девојче

Натпреварот во спортски риболов ќе се одржи на 20.04.2019 год. на езерото Мантово. Заради безбедна и успешна реализација на натпреварите ќе бидат ангажирани медицински, полициски и противпожарни служби, како и определен број на редари од редот на професорите по Физичко воспитување а во техничката организација ќе бидат вклучени и озвучување, водител, маички за победниците, трака за одбележување, освежителни пијалоци и сл.

За реализација на манифестацијата планирана е следната Финансиска конструкција :

Награди :
Тутнир во тенис- 1-во , 2-ро и 3-то место ..............................................................= 6 000 ден.
Турнир во Пинг Понг - 1-во , 2-ро и 3-то место ..............................................................= 2 000 ден.
Турнир во Шах - 1-во , 2-ро и 3-то место ..............................................................= 2 000 ден.
Напревар во риболов - 1-во , 2-ро и 3-то место ..............................................................= 2 000 ден.
Атлетски трки за Ученици од IV,V,VI,VII,VIII и IX одд.
3 дисцпилини машки 1-во , 2-ро и 3-то место.............................................................. = 6 000 ден.
3 дисцпилини женски 1-во , 2-ро и 3-то место ..............................................................= 6 000 ден.
Трка во платнена вреќа, трка со јајце во лажица 2 дисциплини машки 1-во , 2-ро и 3-то место ..............................................= 4 000 ден.
Фрлање на камен од рамо - 1-во , 2-ро и 3-то место ..............................................................= 2 000 ден.
Трка со носење во раце - 1-во , 2-ро и 3-то место ..............................................................= 2 000 ден.
Техничка организација :
Ангажман на редари – 12 лица...... = 6,000 ден.
Озвучување, водител, записничар .
= ........................................................ 3,000 ден.
Набавка на вреќи, спреј за обележување, вода, јајца ............................................ = 2,000 ден.

Вкупно предвидени трошоци за манифестација ............................ = 43,000 ден.

Потребни се и капи и маички – вкупно 60 броја (по тендер) (40 награди, 12 редари, Црвен крст, ЈЗО, други)

| | |
|---|---|
| Бр. 08-716/1 | Совет на општина Радовиш |
| 25 Април 2019 г. | Претседател |
| Радовиш | Коле Чаракчиев с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
### За прогласување и објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на локални патишта за подрачјето на општина Радовиш број 08-444 од 29.12.1997 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на локални патишта за подрачјето на општина Радовиш број 08-444 од 29.12.1997 година, број 08-717/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 25.04.2019 год.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-717/2 | Градоначалник на |
| 30 Април 2019 г. | Општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на член 9 став 3 од Законот за јавни патишта (Службен весник на РМ бр. 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/2010, 23/2011, 53/2011,44/2012, 168/2012, 163/2013, 187/2013, 39/2014, 42/2014, 166/2004, 44/2015, 116/2015, 150/2015, 31/2016, 71/2016 и 163/2016), член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 21 од Статутот на општина Радовиш (Сл.Гласник на општина Радовиш бр.5/02). Советот на општина Радовиш на 28 седница одржана на 25.04.2019 година, донесе

О Д Л У К А
За измена и дополнување на Одлука за утврдување на локални патишта за подрачјето на општина Радовиш бр. 08-444/1 од 29.12.1997 год.

Член 1
Се менува и дополнува член 1 од Одлука за утврдување на локални патишта за подрачјето на општина Радовиш и тоа :
24. Обиколница Подареш „ Малешевски пат„ во општина Радовиш во должина од 1,3 км.;
25. Локален пат од спој на ул. „Плачковица„ со ул.„Плачковички одреди„ до месноста „стар водовод„ (по реката) во општина Радовиш во должина од 2,7 км.;

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Бр. 08-717/1 Совет на општина Радовиш
25 Април 2019 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на советот на општина Радовиш бр. 08-718 /1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 25.04.2019 година

Бр. 09-718/2 Градоначалник на
30 Април 2019 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 21 ст. 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 5/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 25.04.2019 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш

I. Се прифаќаат Извештаите на работните тела приложени на седница на Советот на општина Радовиш одржана на ден на 25.04.2019 година и тоа:

-Комисија за образование, спорт и култура, продолжение на 17-та седница одржана на 01.03.2019 година и 18-та седница одржана на 07.03.2019 година;
-Комисија за статут и прописи, 10-та седница одржана на 22.03.2019 год.
-Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштитан а животната средина 10-та седница одржана на 08.02.2019 година и 11-та седница одржана на 15.02.2019 година ;
-Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој седница 13-та седница одржана на ден 08.02.2019 година и 14-та седница одржана на 20.03.2019 год.;
-Комисија за здравство и социјална заштита, 9-та седница одржана на 15.02.2019 година;
- Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, 1-та седница одржана на 07.03.2019 година;

II. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-718/1 Совет на општина Радовиш
25 Април 2019 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

СОДРЖИНА:

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Програмата за одржување и користење на паркови и зеленило и други јавни површини во општина Радовиш за 2019 година број 08-1966/3 од 26.12.2018 година - 1
ПРОГРАМА за одржување и користење на паркови и зеленило и други јавни површини во општина Радовиш за 2019 година --------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Програмата за јавна чистота во општина Радовиш за 2019 година ------------------------ 6
ПРОГРАМА за јавна чистота во општина Радовиш за 2019 година ------------------------- 6
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ ЦК „Ацо Караманов„ Радовиш за 2018 год. ----------- 10
ЗАКЛУЧОК За усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ ЦК „Ацо Караманов„ Радовиш за 2018 год. ----------- 11
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештајот за работа на ЈУ МЦСР Радовиш за 2018 година ---------------------------------------------- 11
ЗАКЛУЧОК За прифаќање на Извештајот за работата на ЈУ Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа Радовиш за 2018 год. -11
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Програмата за работа на ЈУ МЦСР Радовиш за 2019 година ----------------------- 11
ЗАКЛУЧОК за прифаќање на Програмата за работа на ЈУ МЦСР Радовиш за 2019 година ---------------------------------------------- 12
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Програмата за Првомајски натпревари 2019 година ---------------------------------------- 12
ПРОГРАМА за Првомајски натпревари 2019 година ---------------------------------------- 12
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на локални патишта за подрачјето на општина Радовиш број 08-444 од 29.12.1997 година -------------13
ОДЛУКА За измена и дополнување на Одлука за утврдување на локални патишта за подрачјето на општина Радовиш бр. 08-444/1 од 29.12.1997 год. ------------------------- 14
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш ---------------------------- 14
ЗАКЛУЧОК За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш ------------------------------------------- 14